Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

НАПОМЕНА: Иако е барањево во фаза на давање на податоци,сепак и сега потенцираме и замолуваме планерот обавезно да предвиде посебна градежна парцела за трафостаница со минимум површина од 20 м2.Локацијата што ја предлагаме е дадена на ГИС подлогата-непосредно до постојната ТС во рамките на парцелата која е предмет на планирање. Имено со оглед да постојната ТС е решетказта и со мала снага на ЕТР за идните потрошувачи во тој дел неопходно е да се размислува за поголема трафостаница. Поради тоа предлагаме нова маркица за КБТС со цел да имаме поголеме капацитет за постојните и сите нови барателивклучително и клиентов кој е предмет на ова мислење.Со озградбата на новата КБТС секако постојната ТС би се демонтирала.
Без планирана нова маркица, за нова КБТС не се согласуваме со позитивно мислење

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.


Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Nikoloski Dragan Digitally signed by Nikoloski Dragan Date: 2024.04.28 01:25:38 +02'00'

Датум: 25.04.2024



[redacted]

Датум: 25.04.2024

[redacted]

Легенда

- Постоечка мрежа
- Новопланирана мрежа
- Демонтирана мрежа

1:2.257

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

Чип Гроуп ДООЕЛ

ул. Костурски Херои бр.15-1/1а

1000 Скопје

Бр.11-3077/1

29.04.2024

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.09-208/1 од 23.04.2024 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 23.04.2024 година со број на постапка 61702 (наш број 11-3077 од 26.04.2024 година) за податоци и информации потребни за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Г2.2 – лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млеќни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци во Општина Струга, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2024.04.30 09:20:02 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 61702
Дата: 29.04.2024

До
Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг
ЧИП ГРОУП ДООЕЛ СКОПЈЕ
ул. Костурски Херои бр.15-1/1а, 1000 Скопје

Ваше упатување: Барање на податоци и информации

Наше контакт лице: Тони Илиевски, Мица Цоњиќ-Кепевска

Телефон: +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со: Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга , Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

NIKOLChE TASEVSKI
Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2024.05.10 08:58:10 +02'00'

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 40-4710/4
14.05.2024 год. - viti
Скопје / Shkup

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ
И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

14.05. 2024

АРХИВСКИ БРОЈ: **40 – 4710 /4**

ДО: **ЧИП ГРОУП ДООЕЛ**

ПРЕДМЕТ: **Известување**

Почитувани,

Во врска со вашето **Барање на податоци под бр.09-210/1 од 23.04.2024 година**, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), **за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга,** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува со следното:

Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:

Предметното земјиште на КП 850/7 и КП 851/7, викано место Суво Поле, катастарска култура нива и пасиште, катастарска класа 3 и 5 со Имотен лист бр.1170 за КО Подгорци се во приватна сопственост.

Предметното земјиште на КП 850/6 и КП 851/6, викано место Суво Поле, катастарска култура нива и пасиште, катастарска класа 3 и 5 со Имотен лист бр.1169 за КО Подгорци се во приватна сопственост.

Предметното земјиште на КП 852 и КП 857, викано место Суво Поле, катастарска култура нива и гиз, катастарска класа 5 и / со Имотен лист бр.442 за КО Подгорци се во државна сопственост.

Според известувањето од ПЕ Струга под арх.бр.80-92/2 од 29.04.2024 година за катастарската парцела 852, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство НЕМА склучено договор за закуп.

Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанствона
Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ
И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Катастарските парцели со катастарска култура ГИЗ не претставуваат земјоделско земјиште, Согласно законот за земјоделско земјиште, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема надлежност над предметните катастарски парцели.

Со почит,

Помошник Раководител на Сектор
Аднан Алии

Изработил: Борче Лозановски
Согласен: Момчило Петровски

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330
СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N.,
6330 STRUGË / Тел./Tel. +389 46 781 335,
781 223, 782 015, Факс/Faks 781 434
web: struga.gov.mk,
e-mail: kryetari@struga.gov.mk,
info@struga.gov.mk

Сектор: / Sektori:
Сектор за урбанизам,комунални дејности, сообраќај и заштита на животна средина / Sektori për urbanizëm, veprimtari komunale, komunikacion dhe mbrojtje të ambientit jetësor
Одделение: / Njësia:
Одделение за урбанизам, градби и просторно планирање / Njësia për urbanizëm, ndërtim dhe planifikim hapësinor

Бр./Nr. 10-1935/2
14.05.2024

СТРУГА / STRUGË

Доставено до:
ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
СКОПЈЕ

Dorëzohet te:
ÇIP GROUP SHPKNJP
SHKUP

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање**

LËNDA: **Përgjigje kërkesës**

Почитувани,

Согласно Вашето барање ПИМ поднесено преку системот е-урбанизам со број на постапка 61702 а за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 –Лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна млечни производи кондиторски производи безалкохолни пијалоци вода,преработка на градинарски производи и овошје,тутун и други на К.П.850/6 К.П.850/7 К.П.851/6 К.П.852 и делови од К.П.851/7 и К.П.857 К.О Подгорци ,Општина Струга со површина од 0,76 ха,Ве известуваме следното:

Предложениот плански опфат НЕ Е во состав на важечки урбанистички план.

Të nderuar,

Në pajtim me kërkesën Tuaj DHIM të parashtruar përmes sistemit e-urbanizëm, me numër të procedurës 61702 për përpunimin e Projektit urbanistik jashtë përfshirjes së planit urbanistik me destinim G2.2 – Industri e lehtë dhe jondotëse dhe prodhim i ushqimit, produkteve ushqimore, produkteve konditoriale, pijeve joalkoolike, ujë, përpunim i produkteve të kopshtit dhe frutave, duhan e prodhime të tjera në Pk.nr.850/6 Pk.nr..850/7 Pk.nr.851/6 Pk.nr.852 dhe pjesë të Pk.nr.851/7 dhe Pk.nr.857 KK Podgorc, komuna e Strugës me sipërfaqe prej 0,76ha, ju njoftojmë si në vijim:

Përfshirja planore e propozuar NUK ËSHTË në kuadër të planit urbanistik në fuqi

Со почит,

Me respekt,

ОПШТИНА СТРУГА
Градоначалник,
Д-р Рамис Мерко

KOMUNA E STRUGËS
Kryetar i komunës,
Dr. Ramis Merko

Република Северна Македонија • Градоначалник на општина Струга • Republika e Maqedonisë së Veriut • Kryetari i komunës Strugë

м.п. / v.v.

Изготвил:/Përpiloi:
Петрит Бајрамоски
Petrit Bajramoski

Контролирал/Kontrolloi:
Дип.инг. Арх. Натмир Неципи
Inzh.Ark.i dpl. Natmir Nexhipi

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие колекторски систем

До: „ ЧИП ГРОУП ДООЕЛ“-СКОПЈЕ
Ул.„ Костурски Херои“ бр.15-1/а
1000 Скопје

Република
Северна Македонија

Јавно претпријатие
Колекторски систем Скопје

ЕМБС: 7326041
ул.Пушкарска бр.33-лок.11
Скопје-Чаир,
подружница Охрид
Бул.Туристичка 77 влез 1 кат
1 дел простор 2, Охрид,
Република Северна
Македонија

Бр. 09-290/2

Дата: 17.05.2024
Скопје

Предмет: Достава на информации и податоци
Наш бр.09-290/1 од25.04.2024
Ваш бр. 09-208/1од 23.04.2024

- **Одговор на барање бр.09-189/1од 22.03.2024 год**

Врз основа на вашето барање за податоци и информации,во постапката за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Г2,2лесна фармацевстка индустрија и производство на храна ,млечни птоизводи,кондиторски производи,безалкохолни пијалоци,вода ,преработка на градинарски производи и овошје тутун и др.на КП 850/6,КП850/7 ,КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857 КО Подгторци Општина Струга со површина од 0,76 ха. Ве информираме дека во овој планиран опфат ЈП „Колекторски систем“ нема свои инсталации.
Посочениот урбанистички план се наоѓа низводно од профилот од рецепеинтот Црн Дрим каде што Колекторски Систем ја испушта пречистената фекална вода.



Изработил: М-р Русески Петре дги
Раководител на одд.за припрема и инвестиции

ЈП КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ Скопје
В.Д. Директор
дипл.инг.тех. Владимир Алексијоски

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17-1802/2
22.05.2024
Скопје

До
„ЧИП ГРОУП“ ДООЕЛ
ул. „Костурски Херои“ бр. 15-1/1а
1000 СКОПЈЕ

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше писмо бр. 09-208/1 од 23.04.2024 год.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за културно наследство за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на планскиот опфат не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

в.д. Директор
м-р Зоран Павлов

Изработил: м-р М. М. Миладиновска (20.05.2024)
Проверил/Одобрил: м-р. Б. Јовановска

Нашброј:1404-1612/2
Скопје29 .05.2024г.

ДО:
Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
ул.Костурски Херои бр.15/1-1а
Скопје

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваше барање преку е-урбанизам

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи а во врска со изработката на ПИМ за УПВОУП со намена Г2.2 – лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
електронски комуникациски мрежи -во електронска форма

Со почит,

Сектор за телекомуникации
Изработил : А.Јовановски
Раководител на сектор: Д-р Борис Арсов
Советник на Директорот: Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Ј.П Водовод и канализација Струга
N.P Ujësjellës dhe kanalizim Strugë
Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење,
одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води на
општина Струга
EDB: MK4026019532473

ДО
ЧИП ГРОУП ДООЕЛ СКОПЈЕ. ул.Костурски Херои 1000 Скопје

Deri:
QIP GROUP DOOEL SHKUP rr.Kosturski Heroi 1000 SHKUP

Бр./Nr 09-393/2
29.05 2024

Предмет: Доставување на податоци и информации

Lënda: Dorezimi i dhënave dhe informacioni

Сектор / Sektori:

Тех. Служба / Shërb.Tek

Во врска со вашето барање бр.09-208/1 од 23.04.2024 за доставуивање податоци и информации за изработка на Урбанистички проект со намена Г2.2 на КП 850/6,850/7,851/6,952 и делови од КП 851/7,857 , КО Подгорци , Општина Струга, ЈП Водовод и Канализација Струга се произнесува

Në bazë të kërkesës suaj nr.09-208/1 prej 23.04.2024 tuaj për Dorezimi i dhënave dhe informacioni përpunuar për proekt urbaniyim më qëllim G2.2, në PK.nr850/6 ,850/7 ,851/6 ,952 dhe pjesë prej PK.851/7,857 KK Podgorc Komuna Strugë, NP Ujësjellës dhe Kanalizim Struge prononcohet:

Подготвил / Përpiloi

Гелинческа Лилјана

Нема наша инфраструктурна мрежа во с. Подгорци

Nuk kemi rrjetin tonë të infrastrukturës në KK Podgorc

Со почит

Me respekt

ЈП Водовод и канализација Струга
Директор

Проф.Др.Дашмир Н.Насуфи

NP Ujësjellës dhe Kanalizim Strugë
Drejtor

Prof.Dr.Dashmir N.Nasufi

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-3748 /4

Дата/Data: 29-05-2024 год./viti

ДО/DERI TE: Чип Гроуп ДООЕЛ

Ул.Костурски херои бр.15-1/1а,

1000 Скопје

ПРЕДМЕТ/LENDA: Известување

Почитувани,
I nderuar,

Во врска со доставениот допис со акт бр. **11-3748/1 од 25.04.2024** година, доставено од страна на Чип Гроуп ДООЕЛ од Скопје кое се однесува на барање на мислење за Урбанистчки проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолени пиалоци, вода, преработка на храдинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга. Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Врз основа на приложената документација од Ваша страна – Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат и мислењето од страна на Службата за просторен информативен систем (допис бр. 16-3748/3 од 22.05.2024), констатирано е дека просторот на горенаведената предметната локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија, Емералд подрачјата, како и идентификуваните Натура 2000 подрајча.

Со почит,
Me respekt

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup

Подготвил/Përpiloi: Isuf Fetai
Приверил/Kontrolluari: м-р Смилка Тенева
Контролирал/Kontrolloi: м-р Сашко Јорданов
Согласен/Miratoi: м-р Влатко Трпески
Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор /Drejtor
Hisen Xhemaili

Бр/Nr. 10-6037/2
03 -06- 2024
Скопје/Shkup_____година/viti

ДО ЧИП ГРОУП дооел
ул.Костурски Херои бр. 15-1/1а
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информации

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 09-208/1 од 23.04.2024год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2-лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-6037/1 од 30.05.2024 година:

- Ажурирана геодетска подлога со граници на проектен опфат.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека покрај приложениот плански опфат поминува регионалниот пат Р2241 (Р-422), за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Во понатамошните активности да се запази ширината на заштитниот појас на регионалниот пат Р2241 (Р-422) согласно член 40 во Законот за јавни патишта ("Сл.Весник на Р.М." бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15, бр.116/15, бр.150/15, бр.31/16, бр.71/16, бр.163/16 и бр.174/21), а влезот во проектниот опфат да се планира од постоечки локален или некатегоризиран пат.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: d-r Ejup Latifi

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup

ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: „ Чип Гроуп" ДООЕЛ - Скопје
ул." Костурски Херои " бр. 15-1/1А, 1000 Скопје

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 09-208/1 од 23.04.2024, наш бр. 822 од 25.04.2024

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-822/2
31.05 2024 год./viti
Skopje/Shkup

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска Вашето барање бр. 09-208/1 од 23.04.2024, наш бр. 822 од 25.04.2024 за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалхохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци,општина Струга,

Ве известуваме:

АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалхохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци,општина Струга, **има свои објекти и инфраструктура**.

Во рамките на предметниот опфат на КП 929, река на м.в Зејгозец и КП 2844 река на м.в Долишта, двете во КО Подгорци.

Потребно е да се заштитат согласно Законот за води.

Со почит,

Изработил: Мирјана Чемкова
Контролирал/ Одобрил
Коста Малзарков

АД „Водостопанство на РСМ" – Скопје
SHA „Ekonomia e Ujërave të RMV" - Shkup
Главен извршен директор
Drejtor Gjeneral Ekzekutiv
Llokman Limani

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE
Арх. бр/Nr. arh. 11-3747/2
Дата/Data: 07-06-2024 год/viti.

ДО/DERI TE : ЧИП ГРОУП ДООЕЛ Скопје
Ул. Костурски Херои бр. 15-1/1А
1000, Скопје

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Податоци и информации

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со Вашето барање за издавање на податоци и информации кои се однесуваат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2- лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857 КО Подгорци, општина Струга, Ве известуваме за следното: Од увидот во доставениот прилог - ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат во хартиена и електронска форма , Управата за животна средина – Сектор за води при Министерството за животна средина и просторно планирање, утврди дека на површината која е предмет на планскиот опфат не се наоѓа во границите на заштитени подрачја во Република Северна Македонија, притоа опфатот граничи со Подгоречка Река и е надвор од границите на планираните акумулации согласно Водостопанската основа од просторниот план на Република Северна Македонија 2002-2020. При изготвување на проектната документација, од аспект на заштита на водите, а во согласност со Законот за води (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), треба да бидат исполнети следните критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

насипот кај регулираните водотеци; во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат советот на општините и советот на градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општините и на градот Скопје, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;

1. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

   - да се менува правецот на водотекот;
   - да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
   - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
   - да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
   - да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;
   - да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
   - да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
   - да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

2. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

3. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

4. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани водоводни и канализациони инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации секоја за своето подрачје.
По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на Р. Северна Македонија.

Воедно, Ве известуваме дека согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Со почит,
Me respekt,

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје * * * Shkup MINISTRIA E MJEDISIT JETESOR DHE PLANIFIKIMIT HAPESINOR Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил/Përpiloi:Bekim Muaremi
Контролирал/Kontrolloi: Мелита Гочевска
Одобрил/Aprovoi: Ylber Mirta
Согласен/Miratoi:
Директор на Управа за животна средина
Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor
Hisen Xhemaili

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

ул Булевар Свети Климент Охридски бр 54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3118 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 08-2529/2
23.04 2024 год.viti.
Скопје-Shkup

До: **Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање податоци и информации,** ваш бр. 09-208/1 од 23.04.2024 година

Согласно вашето Барање податоци и информации, ваш бр. 09-208/1 од 23.04.2024 година, за изготвување ПИМ за УПВОУП со намена Г2.2 – лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат **нема** изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Со почит,

Изготвил:
Анита Тевдовска дипл.инж.арх.

Постапка:
61702

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

1.8.1 Мислења од надлежни субјекти релевантни за подрачјето во проектниот опфат

По доставеното барање за мислење од страна на Општина Струга под арх. бр. 10-3121/3 од 16.08.2024 година за изработениот **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга,** доставени се следните позитивни мислења:

- Македонски Телеком АД Скопје, под арх. бр. 64008 од 15.08.2024 година;
- Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Струга, под арх. бр. 09/3-57/2 од 21.08.2024 година;
- Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, под арх. бр. 10-23/7-324 од 16.08.2024 година;
- Јавно претпријатие за комунални дејности и облагородување на оријродните ресурси „Хигиена“ Лабуништа, под арх. бр. 03-6/2 од 23.08.2024 година;
- Агенција за катастар на недвижности, под арх. бр. 0939-11744/2 од 05.09.2024 година;
- Агенција за електронски комуникации, под арх. бр. 1404-2347/2 од 11.09.2024 година;
- Јавно претпријатие за државни патишта, под арх. бр. 10-11971/2 од 12.11.2024 година;

По доставен Одговор по доставено негативно мислење од страна на ЧУП ГРОУП ДООЕЛ Скопје под арх. бр. 09-342/1 од 11.09.2024 година и по доставено ново барање за мислење од страна на Општина Струга под арх. бр. 10-3121/6 од 05.11.2024 година, доставено е позитивно мислење од страна на:

- Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, под арх. бр. 40-8564/11 од 21.11.2024 година.

Дополнително, од страна на планерската фирма ЧИП ГРОУП ДООЕЛ Скопје е доставено барање за мислење за изработениот **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга,** под арх. бр. 09-328/1 од 20.08.2024 година и се доставени следните позитивни мислења од страна на:

- Сектор за води, Управа за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање, под арх. бр. 11-5749/2 од 08.10.2024 година и
- АД Водостопанство на РСМ – Скопје во државна сопственост, под арх. бр. 11-1613/3 од 16.09.2024 година.

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 64008

Датум: 15.08.2024

До
Општина Струга

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за мислење добиено преку системот е-урбанизам за УПВОУП со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга , Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Кон ова ги додаваме и следните

Услови за согласност: Да се превземат сите неопходни мерки за заштита на постојната тк инфраструктура согласно техничките прописи или наша усогласеност. Доколку се јави потреба од заштита/дислокација на тк инфраструктурата, Ве молиме да поднесете барање до Секторот за продажба. Секоја евентуална штета која ќе биде направена во текот на работите врз тк инфраструктурата должни сте веднаш да ја пријавите на наша адреса.

Лице за контакт: Николче Тасевски, тел. 070/200-176.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

Elizabeta Maneva
Digitally signed by Elizabeta Maneva
Date: 2024.08.20 09:39:17 +02'00'

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Подрачно одделение Струга

21 Август 2024 година.

Бр. 09/3-57/2

До
Општина Струга
Сектор за урбанизам, комунални дејности и
Заштита на животната средина

Предмет: Мислење, доставува.-
Врска : Ваш акт со.број 10-3121/3 од 16.08.2024 год.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/15) Дирекцијата за заштита и спасување – Подрачно одделение за заштита и спасување Струга, Ви го доставува следното

М И С Л Е Њ Е

За застапеноста на мерките за заштита и спасување за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички План со намена Г2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи кондиторски производи, безалкохолно пијалоци, вода преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП851/7 и КП 857 КО Подгорци, Општина Струга.

Дирекцијатра за заштита и спасување изврши увид во поднесената документација - **за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички План со намена Г2 – Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи кондиторски производи, безалкохолно пијалоци, вода преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП851/7 и КП 857 КО Подгорци, Општина Струга, Тех.Бр 09-03/24** изработена од Чип Гроуп ДООЕЛ Скопје и констатира дека мерките за заштита и спасување се соодветно вградени, врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување дава **позитивно мислење.**

Изработил: Зоран Џутески

Zoran Djuteski
Digitally signed by Zoran Djuteski
Date: 2024.08.21 09:51:37 +02'00'

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Подрачно одделение за ЗС – Струга
Овластен Потписник
Зоран Џутески

Доставено до: Насловот, Архива.

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за превенција, планирање и развој
Одделение за издавање на урбанистичка согласност
ул. „Васко Карангелевски“ бр.8,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2433 384
www.dzs.gov.m
dzs@dzs.gov.mkdzs@

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-23/7-324 од 16.08.2024
Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски
Контакт телефон: 072 931 308

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 10-3121/3 од 16.08.2024 година, со кој барате да дадеме мислење за УПВОУП со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга, ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

При планирање, согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и сл. препорачуваме да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Nikoloski Dragan
Digitally signed by Nikoloski Dragan
Date: 2024.08.22 12:24:03 +02'00'

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
И ОБЛАГОДОРУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ
"HIGIENA" "ХИГИЕНА"
Бр/No. 03-612
23.08.2024 год.
ЛАБУНИШТА LABUNISHTË

ЈКП Хигиена-Лабуништа

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

Примено Panuar	23.08.2024		
Орга.единица Njes.organizative	Број Numer	Прилог Shtese	Вредност Vlera

Во Акта - Архивски знак
Ne Akt - Shenje arkivore
Рок на чување
Afati i ruajtjes
Потпис
Nënshkrimi
(ime)

Предмет: Доставување на мислење

Почитувани,

Согласно Вашето барање за мислење, Јавното Претпријатие Хигиена Лабуништа, од Лабуништа, ја разгледа доставената документација **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга**, нема забелешки и дава ПОЗИТИВНО мислење.

Со почит

ЈКП Хигиена-Лабуништа

В.Д. Директор- Рецо Саитоски

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e kadastrës së paluajtshmërive

Бр. / Nr. _____
Дата: / Me datë: _____,
Скопје / Shkup

0939-11744/2
5.9.2024

Трифун Хаџи Јанев бр.1
/ Trifun Haxhi Janev nr.1
1000 Скопје / Shkup
Тел. / Tel. (02) 3204 801
Факс: / Fax. (02) 3171 668
Е-пошта: / Posta e-:
info@katastar.gov.mk
Сајт: / Faqja: www.katastar.gov.mk

ДО: Општина Струга

ПРЕДМЕТ: Мислење од утврдена состојба

Врска: Број на постапка во Е-Урбанизам за УП (чл. 58 ст. 6): **64008**
Ваш бр. 10-3121/3 од 016.08.2024 год.
Наш бр. 0939-11744/1 од 19.08.2024 год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности, иницирате постапка за мислење за утврдена состојба по извршено споредување на податоците од Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2-лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорица, Општина Струга, изработен од „ЧИП" Гроуп Скопје со тех. бр. 09-03/24 од јули 2024 година, со податоците од катастарскиот план, врз основа на член 47 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020).

Агенцијата за катастар на недвижности по извршениот увид на доставената документација и електронскиот запис со кој се потврдува дека Урбанистичкиот проект го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект ве известува дека се исполнети условите за издавање на позитивно мислење од утврдена состојба.

Прилог: Извештај од утврдена состојба

Со почит,

Изработил: Верица Петрушевска, соработник
Контролирал/Одобрил: м-р Стојче Галазовски, раководител на сектор

в.д. Директор

Иван Живковски

Место за Дигитални потписи

Изработил	Контролирал	Одобрил	Согласен	в.д. Директор
VERICA PETRUSHEVSKA 20.08.2024 13:17 CEST		Stojche Galazovski 20.08.2024 13:42 CEST		Ivan Zhivkovski 05.09.2024 15:19 CEST

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

КО ПОДГОРЦИ

ИЗВЕШТАЈ ОД УТВРДЕНА СОСТОЈБА

Реден број	ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ					ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА												
	Презиме, татково име и име (за граѓански лица) Точно име на правното лице	Место на живеење	Улица	Куќен број	Катастарска општина	Број на имотен лист	Број на парцела		Катастарска			Површина			Број на градежна парцела	Технички број	Забелешка	Товар
							Основен	Дел	Култура		Класа	x	a	м2				
1	РАМИС РАМИЗИ	СТРУГА	С.ЛАБУНИШТА		26040	1169	850	6	зз	пс	3			**1952.21**	1	09-03/24		
														0				
	НЕДИМ РАМИЗИ	СТРУГА	ЛАБУНИШТА	ББ														
2	РАМИС РАМИЗИ	СТРУГА	С.ЛАБУНИШТА		26040	1170	850	7	зз	пс	3			**2301.02**	1			
														0				
	НЕДИМ РАМИЗИ	СТРУГА	ЛАБУНИШТА															
3	НЕДИМ РАМИЗИ	СТРУГА	ЛАБУНИШТА	ББ	26040	1169	851	6	зз	н	5			**1328.01**	1			
														0				
	РАМИС РАМИЗИ	СТРУГА	С.ЛАБУНИШТА															
4	НЕДИМ РАМИЗИ	СТРУГА	ЛАБУНИШТА		26040	1170	851	7	зз	н	5			**968.39**	1			
														8.58				
	РАМИС РАМИЗИ	СТРУГА	С.ЛАБУНИШТА															
5	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				26040	442	852	0	зз	н	5			**818.63**	1			
														0				
													Меѓузбир:	7368.26				
										ВКУПНО				**7368.26**				

Датум на генерирање на извештајот:
19/08/2024

Изработил:
Агенција за Катастар на Недвижности

Наш број: 1404-2347/ 2
Скопје: 11 .09.2024 г.

ДО:
ОПШТИНА Струга
6330 СТРУГА

Предмет: Одговор за барање за мислење
Врска: Ваш број : 10-3121/3 преку е-урбанизам

Во врска со вашето барање за мислење, а во врска со изработка и одобрување на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - Лесна фармацевска индустрија и производство на храна , млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и друго, на КП850/6, КП 850/7, КП851/6, КП852 и делови од КП851/7 и КП857, КО Подгорци, Општина Струга,** ве известуваме дека Агенцијата за електронски комуникации нема забелешки на доставениот урбанистички проект.

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска
Раководител на сектор:Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул. Јосиф Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Бр/Nr. 10-11971/2

Скопје/Shkup 12-11-2024 година/viti

ДО **Општина Струга**
Плоштад „Мајка Тереза“ бб
6330 Струга

Предмет: Мислење

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис бр.10-3121/7 од 05.11.2024 год. кој се однесува за добивање мислење за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2-лесна фармацевстка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-11971/1 од 06.11.2024 година:

- Комплет Урбанистички проект.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е на дека по однос на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2-лесна фармацевстка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки и дава **позитивно мислење**. Имено запазена е ширината на заштитниот појас на регионалниот пат Р2241 (Р-422) согласно член 40 во Законот за јавни патишта ("Сл.Весник на Р.М." бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15, бр.116/15, бр.150/15, бр.31/16, бр.71/16, бр.163/16 и бр.174/21), а влезот во проектниот опфат е од постоечки пристапен пат.

Со почит,

В.Д. Директор
Коце Трајанвски

Изработил: Роберто Тошевски
Контролирал: Кирил Кајкалашев
Одобрил: Зоран Велков

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 40-8564/11
21.11.2024 год. - viti
Скопје / Shkup

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

21.11. 2024

АРХИВСКИ БРОЈ: **40 – 8564 / 11**

ДО: **Општина Струга**

ПРЕДМЕТ: **Известување**

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за Мислење под бр.10-3121/6 од 05.11.2024 година, кое се однесува на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга, ве известуваме со следното:

Согласно доставената документација и увидот, министерството го разгледа барањето при што констатирано е дека:

За изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга, Советот на општина Струга по иницијатива на инветситорите донел Програма за за дополнување на програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година под бр.08-1085/39 од 07.03.2024 година.

Од страна на Агенција за планирање на просторот издадени се Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y 18324, за кои од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови на планирање на просторот под арх.бр. УП1-15 983/2024 од 16.05.2024 година.

По барање на ЧИП Гроуп Дооел Скопје, Министерство за земјоделсство, шумарство и водостопанство достави Известување бр.40-4710/4 од 14.05.2024 година, со податоци и информации за катастарските парцели наведени во барањето, во приватна и државна сопственост, за која според податоците на Министерство за земјоделсство, шумарство и водостопанство-ПЕ Струга, министерството нема склучено договор за закуп.

Просторот во рамки на проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга,** со површина од 0,76 ха, треба да се разработи како комплекс од градби со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, т.е. во градежната парцела треба да се утврди простор определен со градежни линии во кој можат да се поставуваат повеќе градби – за планираната намена за производство на фармацевтски производи, производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи, овошје, тутун и други производи и ќе овозможат да се реализираат инвестициските планови на инвеститорите на катастарските парцели.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), се планира следната поединечна намена:

Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други.

Согласно член 80 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), **во рамките на градежната парцела се планираат и комплементарни намени за трансформаторска станица и за административен дел од градбата за производство и индустрија**, како дополнување на основната намена.

Со изработката на овој урбанистички проект, не се планираат компатибилни намени.

Во **Планскиот дел** од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри, внатрешни сообраќајници и партерно решение со хортикултура.

Покрај ова, потребно е решавање и на сообраќајниот пристап и стационарниот сообраќај. За предметната градежна парцела, имајќи ја во предвид предметната поединечна намена, а согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) за групата на класи на намена „Г - ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА - Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела", во овој урбанистички проект треба да се планираат паркинг места за моторни возила во рамки на сопствената парцела, согласно потребите на инвеститорот.

Проектниот дел на урбанистичкиот проект да содржи идеен проект за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонска.

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Заради производствениот процес во планираните градби, неопходно е да има приклучок на водоводна мрежа, приклучок на дистрибутивната електромрежа и фекална мрежа.

Инвеститори:

Недим Рамизи

Рамис Рамизи

2.2 Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и комунална инфраструктура

Податоците за постојниот изграден градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и комуналната инфраструктура се детално дадени во точките 1.5 и 1.7 од документационата основа на урбанистичкиот проект.

2.3 Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение

Основа за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга,** претставуваат добиените Услови за планирање на просторот.

Изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга** е во согласност со член 59 став 6 точка точка 13 од *Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25)*, како и член 58 став 3 точка 15 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) може да се уредуваат поединечни градби како што се други градби од локално значење од групите на класи на намени А, Б, В, Г, Д и Е што ги задоволуваат условите за поединечни градби.

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на објект со намена **Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други.**

Намена на земјиштето и градбата

Со овој урбанистички проект се планира следната поединечна намена:

Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други

Во урбанистичкиот проект дозволена е употреба на комплементарни намени. Согласно **Член 80** од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)*, комплементарна намена означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаи го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

Трафостаниците, согласно горенаведениот Правилник, спаѓаат во поединечната намена **Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија-трансформаторски станици** и истата претставува комплементарна намена во смисла на член 80 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)* т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена.

Согласно член 80 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)*, **во рамките на градежната парцела се планира и комплементарна намена за административен дел од градбата за производство и индустрија**, како дополнување на основната намена.

Со изработката на овој урбанистички проект, не се планираат компатибилни намени.

Согласно член 113 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)* се планира оградување на градежната парцела со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м, со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м.

Во спроведувањето на урбанистичките планови оградите се поставуваат по правило во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

Со овој урбанистички проект **не се планираат**: издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, ветерници или други објекти со височина поголема од 100м, кои би претставувале препреки во воздухопловството.

Проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитните зони зони на културно наследство согласно донесениот *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20), а истото е прикажано во документационата основа од урбанистичкиот проект во графички прилог бр. 6 „Карта на градби со режим на заштита на културното наследство, постојни споменички целини културни предели и друго“.

Во овој урбанистички проект, планираната градежна парцела и површини за градење се со максимална катност од П+1 и имаат процент на изграденост не поголем од 40%.

Согласно донесениот *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20)* и одредбите во истиот, **проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитните зони на природно наследство**, и истото е прикажано во документационата основа од урбанистичкиот проект во графички прилог бр.6.1 “Карта со режим на заштита во граници на природното наследство на Охридското Езеро“.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во рамки на градежната парцела, планирани се 3 површини за градење, од кои 2 се наменети за **лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други** и 1 површина за изградба за трафостаница.

Планираните параметри од планираната **градежна парцела со број 1** се во рамките на дозволените согласно *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)* и тоа:

Табела 3 - Нумерички показатели:

УПВОУП со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (m2)	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m2)	НУМРАЦИЈА НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ	ОБЈЕКТ	ВИСОЧИНА ДО ГОРЕН ВЕНЕЦ (m)	КАТНОСТ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ (m2)	ВКУПНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО ГП (%)
	1	7597,13m2	Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други	7368,27m2	1.1	производство	H=12.00m	П+1	1125,00m2	2250,00m2	35,69%	0,71	27,84%
					1.2	производство	H=12.00m	П+1	1475,00m2	2950,00m2			
					1.3	трафостаница	H=3.00m	П	30,02m2	30,02m2			
	ВКУПНО	**7597,13m2**		**7368,27m2**					**2630,02m2**	**5230,02m2**	**35,69%**	**0,71**	**27,84%**

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Табела 4 - Биланси површини од планирана состојба на проектниот опфат

БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		Површини (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	Сообраќајни површини надвор од рамки на ГП	165,81m2	2,2
	Сообраќајно зеленило надвор од рамки на ГП	63,06m2	0,8
	Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други	7368,27m2	97,0
ВКУПНО		**7597,13m2**	**100,00**

Табела 5 - Билансни показатели од планирана состојба на градежната парцела

БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА		Површини (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	Сообраќајни површини во рамки на ГП	1442,34m2	19,6
	Поплочени површини и надворешни комуникации (скалишни простори и рампи) во рамки на ГП	1183,49m2	16,1
	Г2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други	2630,02m2	35,7
	Постоен канал	61,36m2	0,8
	Зеленило во рамки на ГП	2051,07m2	27,8
ВКУПНО		**7368,27m2**	**100,00**

ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

До градежната парцела колскиот пристап ќе се одвива преку пристапниот пат на КП 854, КО Подгорци, кој се наоѓа од северозападната страна на предметниот проектен опфат. Истиот продолжува со внатрешни сообраќајници и пристап до паркинг простор. Кота на нулта плоча во однос на теренот е земена 734.38 (±0.00).



Со изработка на урбанистичкиот проект, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за предметниот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапните внатрешни сообраќајници, истото е усогласено со нивелетата на постојниот пат, како и конфигурацијата на теренот. Подолжниот наклон се движи од 0.23% до 4.93%.

Согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)* за групата на класи на намена Г - Производство, рударство, енергетика, индустрија „Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата **–** да се обезбедат во рамки на градежната парцела“.

Со овој урбанистички проект, соодветно на потребите и специфичните услови кои произлегуваат од намената на градбата, се планираат паркинг места за лесни моторни возила, во рамки на сопствената парцела.

Во рамките на градежна парцела 1 обезбедени се 21 паркинг места за лесни моторни возила.

ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ СО ХОРТИКУЛТУРА

Партерното решение се состои од: сообраќајна површина во рамки на градежната парцела, површина за паркирање, поплочена површина за пристап до објектите со скалушни простори и рампи за совладување на денивелации и зеленило.

Согласно член 166 и член 169 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)*, а имајќи ја во предвид основната намена, типот и големината на градбата, во рамки на градежната парцела планирано е **приватно дворно зеленило**.

Во рамки на градежната парцела, планирана е површина со ниско зеленило – трева и високо зеленило.

Утврдениот процент на озеленетост од 27,84% е во согласност со *Законот за урбано зеленило* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 11/18 и 42/20), според кој е потребно минимум 20% озеленетост.

Табела 6 - Билансни показатели на зелени површини:

БИЛАНСИ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ:		површина на градежна парцела (m2)	површина на зеленило (m2)	процентуална застапеност на зеленило (%)
УП	Градежна парцела 1	7368,27m2	2051,07m2	27,84%
	ВКУПНО	7368,27m2	2051,07m2	27,84%

ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ

Водоводна и канализациона инфраструкутра

Планираните решенија за водовод, се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- Нивелационо решение на улиците
- Постојни технички прописи и нормативи за овој вид на објекти и инсталации.

Планираниот развој за водовод, фекална и атмосферска инфраструктура се базира на податоците и информациите добиени од ЈП Водовод и канализација Струга.

Според добиените податоци и информации од страна на ЈП Водовод и канализација под арх. бр. 09-393/2 од 29.05.2024 година, нема нивна инфраструктурна мрежа во село Подгорци.

Врз основа на тоа, за потребите на новопланираната градба на ГП 1, се предвидува водоснабдување со бунар за користење на вода и септичка јама за собирање на фекалните отпадни води.

Бидејќи нема постојна атмосферска канализација, до реализација на истата се планира атмосферските води да се одведат локално.

Приклучокот на планираните инсталации да се изврши според важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

Електро-енергетска инфраструкутра

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

Едновремената ел. моќност за градби на предметниот проектен опфат изнесува:

Pen = 224 kW

Врз основа на потребите на градежната парцела, планирана е една трафостаница како комплементарна намена со класа на намена Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија, со површина од 30м^2 на површина за градење бр. 1.3 на ГП 1.

Согласно добиените податоци и информации од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, под бр. 10-23/7-139 од 23.04.2024 година, во дел од проектниот опфат навлегува 0.4 kV надземна мрежа.

Предвиден е новопланиран среднонапонски кабел 10(20)kV подземен вод и заштитен појас до новопланирана трафостаница објект бр. 1.3.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на документација за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН Македонија.

Телекомуникациска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телекомуникациски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телекомуникациската мрежа треба да се изведе според површината на објектот, неговата функција, број на вработени и корисници и сл.

Според добиените податоци и информации од Македонски Телеком АД Скопје има постојни телекомуникациски инсталации во дел од предметниот проектен опфат и е се нанесени во соодветните графички прилози од урбанистичкиот проект.

Од Агенција за електронски комуникации (АЕК) е доставен одговор за податоци и информации со кои во моментот располага Агенцијата за електронски комуникации и има доставено скица со постојна комуникациска мрежа нанесена на графички прилог.

2.4 Детални услови за проектирање и градење

УПВОУП со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (m2)	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m2)	НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ	ОБЈЕКТ	ВИСОЧИНА ДО ГОРЕН ВЕНЕЦ (m)	КАТНОСТ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ (m2)	ВКУПНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО ГП (%)
	1	7597,13m2	Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други	7368,27m2	1.1	производство	H=12.00m	П+1	1125,00m2	2250,00m2	35,69%	0,71	27,84%
					1.2	производство	H=12.00m	П+1	1475,00m2	2950,00m2			
					1.3	трафостаница	H=3.00m	П	30,02m2	30,02m2			
	ВКУПНО	**7597,13m2**		**7368,27m2**					**2630,02m2**	**5230,02m2**	**35,69%**	**0,71**	**27,84%**

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1

- На градежната парцела 1 се предвидени 2 градби за **лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и друго** и една градба за трафостаница, со вкупна површина под градби 2630,00м^2 и вкупна развиена површина од 5230,02м^2. Градбите 1.1 и 1.2 имаат максимална височина од 12.00м и катност П+1.
  Предвидена е и една површина за градење на трафостаница со градба бр. 1.3 и е со површина под градба и вкупно развиена површина од 30,02м^2, со максимална височина од 3.00м и катност од П.
  Вкупно во ГП 1 се планирани 3 површини за градба и вкупната површина под градби во рамки на ГП изнесува 2630,02м^2, а вкупната развиена површина изнесува 5230,02м^2. Процентот на изграденост на градежна парцела 1 изнесува 35,69%, а коефициентот на искористеност 0.71.
- Пристапот до градежната парцела ќе се одвива преку пристапниот пат на КП 854, КО Подгорци, кој се наоѓа од северозападната страна на предметниот проектен опфат. Истиот продолжува со внатрешни сообраќајници и пристап до паркинг простор.
- Да се обезбеди задолжителниот минимален процент од 20% на зеленило во рамки на сопствената градежна парцела како основен услов за добивање на Одобрение за градење. За конкретната ГП изнесува 2051,07м^2, односно обезбедени се 27,84% зеленило.
- Одобрение за градба ќе се издаде врз основа на одобрена проектна документација, изработена согласно *Законот за градење* („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25 и 87/25) и друга подзаконска регулатива произлезена од него.
- Потребен број на паркинг места да се обезбеди во рамки на сопствената градежна парцела како основен услов за добивање на Одобрение за градење и истиот е дефиниран според член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)* и тоа за намена:
  Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други.
- За добивање на Одобрение за градење, да се почитуваат Условите за градење во рамки на границите на градежната парцела дадени погоре како и да се почитува *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).*

2.5 МЕРКИ

2.5.1 Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува проектниот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот проект е следна:

- Закон за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 171/22 и 3/25);
- Закон за заштита на природата („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 14/06,
- 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18, 151/21 и 3/25);
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 146/15 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25);
- Закон за води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25);
- Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. весник на Р.Македонија“ бр.18/99);
- Уредбата за класификација на водите („Сл. весник на Р.Македонија“ бр. 18/99);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15 и 31/16);
- Закон за управување со отпадот („Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр.216/21 и 3/25);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25);
- Закон за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“, бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ 215/21);
- Закон за земјоделско земјиште („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 218/24 и 235/24);
- Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25);
- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25 и 87/25).

Право и должност е на Република Македонија, Општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Законот за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 171/22 и 3/25);

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки и активности** (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува подршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

- **Оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина**

Согласно Законот за животна средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 171/22 и 3/25) и Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утрдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“бр. 74/05), за проектите кои се наведени во Прилогот II од Уредбата, при изработка на основните проекти треба да се утврди потреба за спроведување на постапката за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од Уредбата, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Во фазата на спроведување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга,** доколку не се спроведува оцена на влијанијата на проектот врз животната средина, да се почитуваат Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначаникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје („Службен весник на Р.Македонија„) бр.32/12 и Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина, „Службен весник на Р.Македонија„ бр.36/12).

- **Природни реткости**

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Врз основа на добиениот одговор за податоци и информации под бр. 11-3748/4 од 29.05.2024 година од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за природа, согласно мислењето од Службата за просторен информативен систем при Министерството за животна средина и просторно планирање (допис бр.16-3748/3 од 22.05.2024 година), **констатирано е дека просторот на горенаведената предметна локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија, Емералд подрачјата, како и идентификуваните Натура 2000 подрачја.**

Согласно донесениот *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20)* и одредбите во истиот, **проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитните зони на природно наследство**, и истото е прикажано во документационата основа од урбанистичкиот проект во графички прилог бр.6.1 “Карта со режим на заштита во граници на природното наследство на Охридското Езеро“.

- **Мерки за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух**

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 146/15 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25);

Амбиентен воздух е надворешен воздух во тропосферата во кој не е опфатен воздухот на работното место, а неговиот **квалитет** е состојба на амбиентниот воздух, прикажан преку степенот на загаденост.

Извори на загаденост на амбиентниот воздух согласно овој закон се:

1. инсталации кои се користат во технолошки процеси и енергетски градби (стационарни извори);
2. мотори со внатрешно согорување вградени во возила (подвижни извори);
3. горива.

Управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух се врши преку:

- оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и
- донесување и спроведување на проектен документи.

Заради реализирање на квалитетот на амбиентниот воздух согласно овој закон, како и за нивно планирање и реализирање, се изработуваат:

1. Национален план за заштита на амбиентниот воздух (План) и
2. Програма за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентнот воздух (Програма).

Планот го донесува Владата на Република Македонија, а Програмата, на предлог на градоначалникот, ја донесува Советот на општината.

Мониторингот на состојбите и промените на квалитетот на амбиентниот воздух, се врши на начин и под услови утврдени со овој закон.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кој се јавуваат по постојниот локален пат од предметниот проектен опфа. Моторниот пристап до постојните и планираните градби во внатрешноста на паркот, како и заштитните мерки - противпожар се решаваат режимски.

Од горенаведеното може да се заклучи дека загадувањето од издувните гасови од возилата нема да има битно влијание на третираниот простор.

Мониторинг на емисии од стационарни извори

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1) инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2) обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдуање на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

- **Мерки за заштита на води**

Согласно важечката законска регулатива, задолжително е испитување на пречистените води, пред испуштање во најблискиот природен реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присустни во реципиентот, дадени во Уредба за класификација на површинските води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 99/16).

Предметниот проектен опфат се наоѓа низводно од профилот на реципиентот Црн Дрим каде што Колекторски Систем ја испушта пречистената фекална вода.

Врз основа на добиениот одговор за податоци и информации од страна на АД Водостопанство на РСМ – Скопје под арх. бр. 11-822/2 од 31.05.2024 година, има свои објекти и инфраструктура во рамките на предметниот проектен опфат. Во рамките на предметниот опфат, КП 929, река на м.в. Зејгозец и КП 2844 река на м.в. Долишта, двете во КО Подгорци, треба да се заштитат согласно Законот за води.

Од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за води е добиен одговор за податоци и информации под арх. бр.11-3747/2 од 07.06.2024 година, каде е утврдено дека површината која е предмет на планскиот опфат не се наоѓа во граници на заштитените подрачја на во Република Северна Македонија. Притоа опфатот граничи со Подгоречка река и е надвор од границите на планираните акумулации согласно Водостопанската основа од Просторниот план на Република Северна Македонија 2002-2020. При изготвување на проектната документација, од аспект на заштита на водите, а во согласно со *Законот за води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25)* треба да бидат исполнети следните критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци; во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат советите на општините и советот на градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општините и на градот Скопје, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;

1. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите, се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- Да се менува правецот на водотекот;
- Да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
- Да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- Да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
- Да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите;
- Да се игради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- Да се фрла отпаден материјал, (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
- Да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

2. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

3. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

4. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.

Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани водоводни и канализациони инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл. Весник на РМ бр. 6/12), општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации секоја за своето подрачје.

По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со со истите е АД Водостопанство на Р. Северна Македонија.

Согласно Законот за водите, Министерство за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Според направениот увид на терен на КП 929, река на м.в. Зејгозец и КП 2844 река на м.в. Долишта, во КО Подгорци кои катастарски се водат како реки, на терен нема постојни реки на наведените катастарски парцели.

Врз основа на утврдената состојба на терен, КП 929, река на м.в. Зејгозец и КП 2844 река на м.в. Долишта во КО Подгорци кои се надвор од предметниот проектен опфат, не се прикажани со заштитни појаси во графичкиот прилог со урбанистичко решение за проектниот опфат.

Согласно горенаведеното, од страна на Сектор за води, Управа за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање доставено е позитивно Мислење под арх. бр. 11-5749/2 од 08.10.2024 година.

Од страна на АД Водостопанство на РСМ – Скопје во државна сопственост издадено е и Известување под арх. бр. 11-1613/3 од 16.09.2024 година со кое го прифаќа решението на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 850/6, КП 850/7, КП 851/6, КП 852 и делови од КП 851/7 и КП 857, КО Подгорци, Општина Струга.

- **Управување со отпадот**

Со Законот за управување со отпадот („Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр.216/21 и 3/25) се уредуваат: управувањето со отпадот, плановите и програмите за управување со отпадот, правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот, начин и условите под кои може да се врши собирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот и др.

Целите на овој закон се да се обезбеди:

- избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;
- искористување на употребливите состојки на отпадот;
- одржлив развој, преку зачувување и заштита на природните ресурси;
- спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина;
- остранување на отпадот, на начин што е прифатлив за животната средина и

- висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Управувањето со отпадот е дејност од јавен интерес, која се врши во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Приоритети при управување со отпадот:

1. Создавачите на отпад се должни, во најголем мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2. При управување со отпадот, по предходно извршена селекција, отпадот треба:

- да биде преработен по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или
- да се користи како извор на енергија.

Правните и физичките лица кои преземаат одредени активности во процесот на производството, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи коишто, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадуањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.

Надлежните органи на Република Македонија, општините, правните и физичките лица кои управуваат со отпадот, во согласност со овој закон, се должни да донесуваат и да спроведуваат стратешки, проектен и програмски документи за управување со отпадот.

План за управување на отпад на Р.Македонија, се донесува за период од шест години. За реализација на Планот за управување со отпадот на Р.Македонија, советот на општините, донесуваат план за управување со отпадот на општината, за период од три години, а не подолго од шест години.

Складирање и собирање на отпадот

За цврстиот отпад се предвидува поставување на канти и контејнери за отпадоци на погодни места и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа е се спречи загадување на почвата и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина.

- **Мерки за заштита од бучава во животната средина**

Управувањето со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина е предмет на уредување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25).

Цели на овој закон се:

1. создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава;
2. преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата;
3. преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување;
4. остранување или намалување на штетните ефеки кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина и

5. обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура и др.

Определување на мерки за заштита од бучава во животната средина

Правните и физичките лица се должни да и преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниско ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, средства и апарати наменети за помош во домаќинството, кои создаваат бучава во рамките на граничните вредности на ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат производи на кои постои ознака за јачината на звукот кој го предаваат,
- да изведуваат градежни работи, како и да превземаат заштитни мерки, на начини и со цел намалување на бучавата и нејзиното доведување во рамките на граничнит вредности на ниво на бучава;
- да изведуваат градби кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава кои се однесуваат на вградување на соодветна звучна изолација на градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството;
- да вградат или постават соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава;
- да ги извршуваат своите активности на начин кој не дозволува предизвикување од бучава на животната средина над граничните вредности на ниво на бучава;
- да се воздржат од преземање на дејствија и активности кои создаваат непријатност од бучава кај луѓето;
- мониторинг на бучавата согласно со интегрираните еколошки дозволи и
- да превземат други мерки со цел за заштита од бучава.

2.5.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15 и 42/20), Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“, бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ 215/21), Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 168/17 (Пречистен текст), 152/19) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со:

- Закон за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“, бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ 215/21),
